**20241262249**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 22-г став (9) од Законот за животната средина (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА ПОСЕТА НА ОБУКАТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВА ЗА ЛАДЕЊЕ И/ИЛИ ПРОИЗВОДИ КОИ СОДРЖАТ СРЕДСТВА ЗА ЛАДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на цената за посета на обука за постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење, врз основа на реално направените трошоци за организирање на обуката кои се однесуваат на трошоците за набавка на материјали за обука, средства за ангажирање на обучувачи како и административни трошоци за обука.

Член 2

Висината на надоместокот за посета на обука од членот 1 на овој правилник изнесува:

- 25.000 денари денари за обука за активности од лиценца за постапување со средства за ладење и производи кои содржат средства за ладење од прва категорија,
- 20.000 денари денари за обука за активности од лиценца за постапување со средства за ладење и производи кои содржат средства за ладење од втора категорија,
- 15.000 денари денари за обука за активности од лиценца за постапување со средства за ладење и производи кои содржат средства за ладење од трета категорија и
- 10.000 денари денари за обука за активности од лиценца за постапување со средства за ладење и производи кои содржат средства за ладење од четврта категорија.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.12-1981/6<br>12 јуни 2024 година<br>Скопје

Министер за животна средина<br>и просторно планирање,<br>**Каја Шукова,** с.р.